Обврзникот од став 1 на овој член барањето за паушално оданочување може да го поднесе до органот за јавни приходи најдоцна до крајот на годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот.

Правото на паушалното оданочување не може да се признае на:

1. обврзникот од член 29 став 2 на овој закон;

2. обврзникот кој врши трговска, угостителска и комисиона дејност (освен обврзникот кој дејноста ја врши на тезга);

3. кој вработува други лица;

4. во чија дејност вложуваат и други лица и

5. чиј нето приход во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот е повисок од две годишни просечни плати.

Ако органот за јавни приходи утврди дека престанале условите поради кои на обврзникот му е признаено правото данокот да го плаќа според паушално утврден нето приход, во наредната година ќе го задолжи да води деловни книги".

Член 9

Во членот 33 зборовите: „ако на овие приходи не се плаќа некој друг данок" се бришат.

Член 10

Во членот 34 во ставот 2 зборовите: „најмногу до" се заменуваат со зборот „во".

Член 11

Во членовите 37 став 2, 54 ставови 1, 2 и 3 и 55 став 1 по зборот „среќа", се додаваат зборовите: „и други наградни игри".

Член 12

Во членот 47 во точката 1) зборовите: („освен на дивидендите остварени од банките) се бришат.

Во точката 2) зборот „наплатени" се заменува со зборот „дадени".

Точката 4) се менува и гласи:

„4) камати на орочени штедни и други депозити".

Член 13

Во членот 49 во ставот 1 по зборот „висина" зборот „на" се брише и се додаваат зборовите: „од 50% од".

Во ставот 2 по зборот „претставува", се додаваат зборовите: „остварената камата, но не помалку од".

Член 14

По членот 53 во насловот „г) Добивки од игри на среќа" се додаваат зборовите: „и други наградни игри".

Член 15

Во членот 61 ставот 2 се менува и гласи:

„Деловните книги по системот на просто книговодство се:

1) книга на приходи,
2) книга на расходи и
3) книга на основни средства и ситен инвентар".

Член 16

Во членот 71 во ставот 1 зборот „самостојна" се брише.

Член 17

Во членот 77 во ставот 2 по зборот „извештај" се додаваат зборовите: „за бруто остварените приходи на обврзникот", а по зборот „одбивка" се додаваат зборовите: „и вкупно исплатените нето приходи, најдоцна до 15 февруари наредната година".

Член 18

Во членот 89 во точката 2) зборовите: „снимање на прометот и слично" се бришат.

По точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:

„3) врз основа на утврдени податоци од страна на органот за јавни приходи по пат на извршено снимање за остварениот обем на работа, односно промет".

Во точката 3) која станува точка 4) зборот „нето" се заменува со зборот „бруто".

Точката 4) станува точка 5).

Член 19

Во членот 90 во ставот 1 во точката 1 зборот „матичен" се заменува со зборот „даночен".

Член 20

Во членовите 91 став 1,92,93 став 2 и 132 став 3 зборовите: „Управата за јавни приходи", се заменуваат со зборовите: „Министерството за финансии".

Член 21

Во четвртиот дел: „Утврдување, пресметување и наплата на персоналниот данок од доход" по насловот: „5 Обнова на постапката" се додава нов наслов: „5-а" со нови членови 94-а, 94-б, 94-в, 94-г и 94-д кои гласат: „5-а. Посебна постапка за утврдување на данок.

Член 94-а

Кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, односно имотот кој го поседува и средствата со кои располага потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден, органот за јавни приходи може да покрене посебна постапка за облог со данок на тој имот или приход.

Во постапката од став 1 на овој член лицето е должно на органот за јавни приходи да му ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е набавен имотот и средствата со кои располага лицето.

Постапката од став 1 на овој член може да се покрене доколку со одредбите на овој закон не настанала застареност на правото за утврдување на данок.

Член 94-б

Заклучокот за покренување посебна постапка го донесува органот за јавни приходи на чие подрачје лицето има живеалиште.

Против заклучокот од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Министерството за финансии.

Член 94-в

Ако во постапката се утврди дека имотот, односно средствата се стекнати од неоданочени или нецелосно оданочени приходи, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данокот.

Член 94-г

Основа за утврдување на данокот за неоданочените приходи ја сочинува вредноста на имотот, односно висината на средствата што потекнуваат од непријавените приходи за оданочување во времето на донесувањето на решението за утврдување со данок.

Член 94-д

Стапката на данокот на непријавените приходи се пресметува со примена на стапките од член 12 на овој закон, зголемена за 100%."

Член 22

Во членот 103 стапката „0,5%" се заменува со стапката „0,3%".

Член 23

По членот 115 се додава нов член 115-а кој гласи:

„Член 115-а

Доколку обврзникот не сака сам да ги отвори деловните простории заради вршење на попис и процена, службеното лице на органот за јавни приходи е овластено да ги отвори затворените деловни простории.

Ако се претпоставува дека подвижни предмети што се погодни за попис се скриени во деловните простории на даночниот обврзник или на друго лице, службеното лице ќе ги повика да ги предадат, а ако не постапи според повикот ќе им се изврши личен претрес во присуство на двајца сведоци.

Преземените дејства од ставовите 1 и 2 на овој член и лицата присутни задолжително се наведуваат во записникот за попис."

Член 24

Членот 116 се брише.

Член 25

Во членот 131 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Ако должникот на даночниот обврзник не постапи според решението од став 1 на овој член со кое е определена присилна наплата, наплатата од него ќе се изврши присилно.

Кога присилната наплата се врши од должникот на даночниот обврзник, во смисла на став 2 од овој член, органот за јавни приходи донесува решение за наплата на даноците од жиро-сметката на должникот на даночниот обврзник и го доставува на извршување до институцијата за платен промет кај кого се води жиро сметката".

Во ставот 2 кој станува став 4, по зборовите: „став 1" се додаваат зборовите: „и 3", а зборовите: „Управата за јавни приходи" се заменуваат со зборовите „Министерството за финансии".

Ставот 3 станува став 5.

Член 26

По членот 134 се додава нов член 134-а кој гласи:

„Член 134-а

За наплата на аконтациите на даноците од земјоделска дејност, од стопанска и професионална дејност, од авторски права и права од индустриска сопственост, од капитал, од имот и имотни права и од капитални добивки, одговара со својот имот даночниот обврзник".

Член 27

Членот 135 се брише.

Член 28

По членот 141-а се додава нов наслов кој гласи:

„11. Застареност".

Член 29

Во членот 144 во ставот 1 зборовите: „три до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Во ставот 2 броевите: "3 и 8" се заменуваат со броевите:„ 3,4,8 и 9".

Член 30

Во членот 145 во ставот 1 зборовите:„ 40 до 100" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет" а зборовите: „правно лице" се заменуваат со зборот „исплатувач".

Во точката 2) по зборот: „данокот" се додаваат зборовите: „и ако не достави годишен извештај до обврзникот и до органот за јавни приходи".

Во ставот 2 зборовите: „во правното лице" се заменуваат со зборовите: „кај исплатувачот", а зборовите: „една до десет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 31

Во членот 146 во ставот 1 зборовите: „една до десет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 32

Членот 148 се брише.

Член 33

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

---

**1300.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4253/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

Член 1

Во Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија број 80/93 и 3/94), во членот 5 во ставот 2 зборовите: „став 1" се бришат.

Ставот 3 се брише.

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

„Под пазарна вредност се подразбира цената на наследениот, односно на подарок примениот имот која би можела да се постигне во слободниот промет во моментот на настанувањето на даночната обврска.

Пазарната вредност на наследениот или на подарок примениот имот ја утврдува органот за јавни приходи.

За утврдување на пазарната вредност на наследениот, односно на подарок примениот имот органот за јавни приходи формира комисија".

Член 3

Во членот 14 во ставот 2 стапката „5%" се заменува со стапката „3%", а стапката „10%" се заменува со стапка „5%".

Член 4

Во членот 31, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Обврзникот на данокот на имот од став 1 на овој член кој поднел даночна пријава нема обврска за истиот имот да поднесе нова пријава, доколку нема промени на податоците содржани во претходно поднесената даночна пријава, а кои се од влијание за висината на даночната обврска".

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 5

Во членот 41, ставот 1 се менува и гласи:

„Со парична казна од четири до дваесет плати ќе се казни за прекршок правното лице ако во определениот рок не поднесе даночна пријава (членови 31, 33 и 36)".

Во ставот 2 зборовите „пет до десет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Во ставот 3 „зборовите: „две до пет" се заменуваат со зборовите: „една десетина до една половина од".

Член 6

Во членот 43 зборовите: „пет до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 7

Во членот 44 зборовите: „пет до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 8

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

**1301.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# УКАЗ
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4267/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за данокот на промет на производи и услуги („Службен весник на Република Македонија" број 34/92, 62/92, 63/92, 3/93, 4/93, 80/93, 42/95 и 4/96), во членот 4 став 2 точка 4) зборовите: „кај правното лице" се бришат.

Во точката 5) зборовите: „со општиот акт на правното лице" се заменуваат со зборовите: „според МКС стандардите и прописите од областа на стандардизацијата и квалитетот на производите".

Член 2

Во членот 5 ставот 1 точката 1 зборовите: „и на земјоделско стопанство со статус на правно лице кои тие производи ги набавуваат заради репродукцијата" се заменуваат со зборовите: „на земјоделско стопанство со статус на правно лице и физички лица кои се занимаваат со земјоделска и сточарска дејност кои тие производи ги набавуваат заради репродукција;"

По точката 5) се додаваат три нови точки: 6), 7) и 8) кои гласат:

„6) производите произведени по принципот на лонсистем;

7) производите од кооперација со индивидуалните земјоделски производители и

8) имот преземен при статусни промени од едно правно лице или претприемач од друго правно лице или претприемач, кое продолжува да врши иста или слична регистрирана дејност, освен при ликвидација и стечај, под услов преземањето на имотот да се пријави на органот за јавни приходи најкасно три дена пред преземањето, при што треба да се достави актот за преземање и актот за вршење на регистрираната дејност."

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„Продажбата на производи на купувачите од член 5 став 1 точка 1 од 7) на овој закон, можат да ја вршат: производствено претпријатие, производствен дуќан без статус на правно лице, трговско претпријатие регистрирано за промет на големо и претпријатие регистрирано за увоз, под следниве услови:

1) производите да се продаваат од стовариште, магацин и слично или транзитно;

2) производите да се продаваат врз основа на порачка - изјава на купувачот, односно увозникот или корисникот на увозот;

3) порачката - изјавата да биде нумерирана, датирана и потпишана од овластено лице и продавачот да ја примил пред испоставувањето на фактурата;

4) задолжително издавање на фактура;

5) задолжително безготовинско плаќање со вирман од жиро-сметката на купувачот на жиро-сметката на продавачот, а за увезените производи задолжителен пренос на дознаки кон странскиот добавувач;

6) во фактурата за продажбата на производите задолжително да се внесе клаузула дека производите се продадени без пресметување на данок на промет на производи, односно со пресметување на данокот по повластени даночни стапки;

7) продавачот примената порачка - изјава да ја приклучи кон фактурата за продадените производи и

8) продажбата на производите на физички лица кои се занимаваат со земјоделска дејност се врши со готовинско плаќање, а врз основа на поднесена изјава од страна на купувачот која продавачот е должен да ја чува како документ во книговодствената документација.

Ако во текот на годината по еден договор, кој задолжително ги содржи видот и количеството на производи, се вршат сукцесивни испораки на производи, купувачот може во првата порачка или во договорот да ја даде писмената изјава (генерална изјава), а при подоцнежните испораки продавачот во фактурите за продажба на производи се повикува на бројот и датумот на тој договор, односно таа порачка во која е дадена таквата писмена изјава.

Продажбата на производи во смисла на член 5 став 1 точка 1 до 7 од овој закон, не може да се врши од продавници или други деловни единици регистрирани за вршење промет на мало.

Набавениот репродукционен материјал не може да се продаде, односно да се отуѓи во рок од една година од набавката. Доколку даночниот обврзник тој репродукционен материјал го продаде или го отуѓи пред истекот на рокот од една година од денот на набавката, должен е да го плати данокот на промет на производи, кој не е платен при набавката, заедно со каматата за деновите на задоцнување, од денот на набавката до денот на продажбата или отуѓувањето.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член иако плаќањето е извршено во готово, но со задолжително претходно подигнати средства од жиро сметка на купувачот, физичко лице може да продава на правни лица и претприемачи земјоделски, рибарски, сточарски производи, производи на шумарството, шумски плодови и лековити растенија без плаќање данок на промет".

Член 4

Во членот 6-б ставот 1 по зборот „данок" се додаваат зборовите: „,односно по намалена даночна стапка".

Член 5

Во членот 7 ставот 1 во уводната реченица бројот „3" се заменува со бројот „1".

Во ставот 2 уводната реченица се менува и гласи:

„Како репродукционен материјал, во смисла на став 1 од овој член не се сметаат: производите на кои се плаќа акциза, алкохол (етанол), течни мазива и горива, освен:"

Точката 3) се брише.

Член 6

По членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-б кои гласат:

„Член 7-а

Продажбата на градежен материјал на индивидуален земјоделски производител од член 5 став 1 точка 3 на овој закон може да се врши под следниве услови:

1) решението, односно другиот документ за дозволата за изградба и премер и пресметка на работите со спецификација на материјалот која е изработена врз основа на пресметката на работите и просечните градежни норми, да му ги достави на органот за јавни приходи кај кое се задолжува со данок од земјоделска дејност;

2) изградбата на објектот да ја заврши најдоцна во рок од две години од денот на издавањето на дозволата за изградба за што е должен да го извести органот за јавни приходи. Органот за јавни приходи е должен набавените количества на градежен материјал наведени во фактурата да ги срамни со спецификацијата на материјалот;

3) намената на објектот да не ја менува во рок од пет години од денот на изградбата и

4) продажбата да е извршена врз основа на спецификација на материјалот што ја заверил органот за јавни приходи и со задолжително издавање на фактура во која продавачот ги внесува бројот и датумот на заверката на таа спецификација. Продавачот е должен копијата на фактурата да му ја достави на органот за јавни приходи во рок од седум дена од денот на издавањето на фактурата.

Индивидуалниот земјоделски производител е должен да го плати данокот на промет на производи ако не го заврши објектот во пропишаниот рок, односно ако ја промени намената на објектот или ако градежниот материјал набавен без плаќање на данок на промет го употреби за други цели, освен за целите за кои е предвидено даночно ослободување, како и на разликата на повеќе набавениот градежен материјал отколку што е предвидено по спецификацијата. Обврската за плаќање данок на промет органот за јавни приходи ја утврдува со решение и тоа на вредноста на градежниот материјал утврдена по продажните цени и даночните стапки на денот на донесувањето на решението.

Член 7-б

Ако со овој закон не е поинаку определено како промет на производи се смета прометот на опрема (машини, уреди и друго) што ги набавуваат правни лица и дуќани со статус или без статус на правно лице за вршење на својата дејност.

Под опрема од став 1 на овој член се подразбираат основните средства за вршење на дејноста, предметите и ситниот инвентар определени според прописите за амортизација, средства за лична заштита при работата и лична заштитна опрема и резервни делови за таа опрема, освен патничките автомобили, мебелот, теписи, уметнички дела од ликовна и применета уметност и други украсни предмети.

Набавката на опремата од овој член се врши под следниве услови:

1) опремата да се продава врз основа на порачка - изјава на купувачот, односно увозникот или корисникот на увозот;

2) задолжително издавање на фактура;

3) задолжително безготовинско плаќање со вирман од жиро-сметката на купувачот на жиро сметката на продавачот, а за увезените производи задолжителен пренос на дознаки кон странскиот добавувач;

4) порачката - изјава да биде нумерирана, датирана и потпишана од овластено лице и продавачот да ја примил пред испоставувањето на фактурата;

5) во фактурата за продажбата на опремата задолжително се внесува клаузула дека опремата е дадена со пресметување на данокот по повластена даночна стапка и

6) продавачот примената порачка - изјава ја приклучува кон фактурата за продадената опрема.

Платениот данок на промет за набавената опрема нема третман на пренесен данок и не може да се користи за намалување на обврската по основа на данокот на промет на производи при продажбата на истата опрема."

Член 7

Во членот 10 во ставот 2 по зборот „над" се додава зборот „дозволениот", а зборовите: „дозволен со општиот акт на даночниот обврзник" се бришат.

Во ставот 6 зборовите: „став 6" се заменуваат со зборовите" „став 3".

Член 8

Во членот 12 во ставот 4 зборовите : „расходот дозволен со општиот акт на даночниот обврзник" се заменуваат со зборовите: „дозволениот расход".

Во ставот 5 по зборовите: „промет на" се додава зборот „употребувано".

Член 9

Во членот 14 ставот 1 точката 6) во 16 ред по зборовите: „вооружените сили" запирката се заменува со зборот „и", а зборовите: „и правните лица" се бришат.

Точката 17) се брише.

Член 10

По член 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 14-а

Изградбата на градежни објекти од областа на: вискоградбата (станбени, стопански, индустриски печки и други згради), нискоградбата (патишта, улици и други сообраќајни објекти), хидроградбата (брани, насипи, канали, цевоводи, надворешна водоводна мрежа, надворешна канализациона инсталација и друго), рударски објекти (окна, откривки и друго) и енергетски објекти (пренос на електрична енергија, гасоводи, нафтоводи, плиноводи, жичарници и друго), од страна на претпријатие и претприемач регистрирани за вршење на работи од областа на градежништвото, според член 5 став 2 од Законот, се смета како производствена дејност.

Како изградба на нови објекти се сметаат и: доградбите, надградбите, проширувањето, продолжувањето и продлабочувањето на веќе изградените објекти, со што се зголемува габаритот на објектот, завршни и занаетчиски работи во градежништвото за нови објекти без оглед дали се изведуваат од носителот на изградбата или од кооперанти кои вршат занаетчиски работи во градежништвото.

Во смисла на ставовите 1 и 2 од овој член, не се пресметува и не се плаќа данок на промет на производи ниту на промет на услуги, без оглед на тоа дали објектите се во сопственост на правни или физички лица.

На градежниот материјал за репродукција при вршење на: реконструкции, адаптации, поправки и одржување на веќе изградените градежни објекти не се пресметува и плаќа данок на промет на производи, а основица за плаќање на данок на промет на услуги е надоместокот за извршените услуги.

За извршените реконструкции, адаптации, поправки и одржување на веќе изградените градежни објекти основица за плаќање на данок на промет на услуги е вредноста на извршената услуга, што се добива кога од вкупната вредност на извршените работи се одбива вредноста на вградените материјали. Доколку во пресметката за извршените работи (ситуација, фактура и

друго) посебно не се искаже вредноста на вградените материјали, основица на која се плаќа данок на промет на услуги, според тарифниот број 1 од Тарифата на данокот на промет на услуги, е целокупната вредност на извршените работи.

Кога работите на реконструкцијата, адаптацијата, поправките и одржувањето на веќе изградените градежни објекти се извршени од коопераити, во нивните пресметки за извршените работи (ситуација, фактура и друго), основица за плаќање на данокот на промет на услуги е надоместокот за извршените работи намалена за вредноста на вградените материјали искажани по набавни цени. Главниот изведувач на градежните работи во пресметката за извршените работи, основицата за плаќање на данокот на промет на услуги ја искажува како вредност на извршените работи намалена за износите платени на кооперантите и за вредноста на вградените материјали.

Извршените реконструкции, адаптации, поправки и одржување на објекти од: нискоградба (патишта, улици и други сообраќајни објекти), хидроградбата (брани, насипи, канали, цевоводи, надворешна водоводна мрежа, надворешна канализациона инсталација и друго), рударските објекти (окна, откривки и друго) и енергетските објекти (производство и пренос на електрична енергија, гасоводи, нафтоводи, плиноводи, жичарници и друго), се сметаат како вршење на производствена дејност и според член 5 став 2 од Законот, не подлежат на пресметување и плаќање на данок на промет на производи, ниту на данок на промет на услуги.

Член 11

Во членот 16 ставот 3 се менува и гласи:

„Ако продавачот - правно лице, кој продава нови моторни возила, преземе од купувачот употребувано моторно возило од ист вид по истекот на две години од денот кога купувачот го набавил и во замена на тоа моторно возило му даде на купувачот ново моторно возило од ист вид, позитивната разлика меѓу продажната цена на новото возило и вредноста што му се признава на купувачот за преземеното употребувано возило кое се заменува, претставува даночна основа на која се пресметува и плаќа данокот. Новото возило треба да се испорача на купувачот најдоцна во рок од шест месеци од денот на преземањето на старото возило. Ако при замената на употребуваното моторно возило, во смисла на овој став, позитивната разлика е помала од 50% од вредноста на новото возило, данокот се пресметува со примена на даночната стапка која важи за новото возило на даночна основа од 50% од вредноста на новото возило. Вредноста на старото возило не смее да биде повисока од вредноста искажана во Каталогот на вредносите на употребувани моторни возила".

Член 12

Во членот 20 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Ако странско лице врши услуга на домашно лице, даночен обврзник на данокот на промет на услуги е домашното лице".

Член 13

Во членот 21 ставот 3 се менува и гласи:

„Даночната основица на данок на промет на услуги се намалува за износот на основицата на која е претходно платен данокот на промет на услуги, доколку за таа има фактура и се однесува за истата услуга".

Член 14

Во членот 22 став 1 точка 1) се брише.

Во точката 7) запирката после зборот „уплати" и зборовите: „намалена за добивката исплатена" се бришат.

Член 15

Во членот 24 ставот 1 зборовите во заградата: „дозволен со општиот акт" се заменуваат со зборовите: „според МКС стандардите и прописите од областа на стандардизацијата и квалитетот на производите".

Во став 3 точка б) зборовите: „дозволен со општиот акт на даночниот обврзник" се заменуваат со зборовите: „според МКС стандардите и прописите од областа на стандардизацијата и квалитетот на производите".

Член 16

Во член 28 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Данокот на промет на производи и услуги, даночниот обврзник го плаќа периодично како аконтации, во рок од пет дена по истекот на секои 15 дена во месецот, односно по истекот на месецот.

Како продадени производи се сметаат и производите земени за сопствена потрошувачка, односно употреба, производите што му се дадени на крајниот потрошувач без надомест, кусокот и расходот (кало, растур и расипување) поголем од оној утврден според МКС стандардите и прописите од областа на стандардизацијата и квалитетот".

Ставот 6 се менува и гласи:

„Даночниот обврзник од став 1 на овој член, плаќа данок на промет на производи на вредноста на кусокот, освен на кусокот настанат поради дејството на виша сила и на вредноста на расходите на производите над вредноста на калото, растурот, кршот и дефектот што се дозволени според МКС стандардите и прописите од областа на стандардизацијата и квалитетот на производите, како и

при земањето производи за сопствената трајна потрошувачка или употреба односно при давањето производи без надомест (подароци и слично) во рок од пет дена од денот на настанувањето на обврската за пресметување на данокот на промет".

Член 17

По членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

При уплата на пресметаните аконтации на данокот на промет на производи и услуги, даночниот обврзник до органот за јавни приходи и до носителот на платниот промет поднесува преглед на аконтациите на данокот на промет на производи и услуги што се плаќаат".

Член 18

Членот 30 се менува и гласи:

„Даночниот обврзник, до десетти јануари тековната година, поднесува даночно известување до органот за јавни приходи и носителот на платниот промет за начинот на пресметувањето и плаќањето на аконтациите на данокот на промет на производи и услуги.

Начинот на пресметување и плаќање на аконтациите на данокот на промет, не може да се менува во текот на годината, освен во случај на статусни промени. За статусните промени или за основањето, даночниот обврзник поднесува даночно известување до органот за јавни приходи и носителот на платниот промет, во рок од десет дена од денот на настанувањето на статусната промена, односно основањето".

Член 19

Членот 33 се брише.

Член 20

Во членот 34 ставот 1 зборовите: „правно лице" се бришат.

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 кој станува став 2 се менува и гласи:

„Пресметката на аконтацијата на данокот на промет

на производи и услуги даночниот обврзник ја поднесува до органот за јавни приходи и до носителот на платниот промет".

Во ставот 4 кој станува став 3, зборовите: „од став 1 и 2 на член" се бришат.

Член 21

Во членот 35 зборовите: „правно лице" се бришат.

Во ставот 2 по зборот „сметка" се додаваат зборовите: „до органот за јавни приходи и до носителот на платниот промет".

Член 22

Во членот 36 бројот „33" се заменува со бројот „28".

Член 23

Во членот 37 стапката „0,5%" се заменува со стапката „0,3%".

Член 24

Во членот 40 ставот 1, точката 6) зборот „продавачот" се заменува со зборот „купувачот".

Член 25

Во членот 42 ставот 6 се менува и гласи:

„Даночниот обврзник при продажбата на производите и при вршењето на услугите е должен во фактурата посебно да ги искаже данокот на промет на производи, односно данокот на промет на услуги".

Член 26

Во членот 43 ставот 2 се менува и гласи:

„Производителите и продавачите на алкохол (етанол) на големо се должни да обезбедат податоци за произведените, односно за продадените количества на алкохол (етанол). Купувачите на алкохол (етанол) се должни да водат посебна книга за потрошокот на алкохолот (етанол)".

Во членот 43 ставот 3 зборовите: „правно лице" се заменуваат со зборовите: „Даночен обврзник".

Член 27

Во членот 45 ставот 1 зборовите: „правно лице и претприемач" се бришат.

Член 28

Во членот 46 ставот 2 се брише.

Член 29

Во членот 52 зборовите: „што не се правни лица" се бришат.

Член 30

Во членот 54 ставот 2 зборовите: „и тоа" се заменуваат со зборовите: „кој е должен да донесе решение", а бројот „0,5" се заменува со бројот „0,3".

Во ставот 6 бројот „1.000" се заменува со бројот „5.000".

Член 31

Во членот 54-а, ставот 3 во вториот ред по зборовите: „продавачот на производите" се заменуваат со зборовите: „првиот учесник во прометот".

Член 32

Во членот 54-б ставовите 1 и 2 по бројот „6" се додаваат зборовите: „и 7-б".

Член 33

Во членот 55 ставот 1 во заградата на точките 1), 2) и 3) буквата „и" по бројот „6" се брише, и место неа се става запирка, а по бројот „7" се додаваат зборовите: „и 7-а".

Во ставот 1 точка 5) после зборот „производител" се додаваат зборовите: „до органот за јавни приходи (член 7-а, став 1)", а запирката и зборовите: „а за продажба извршена на угостителски, трговски или друг дуќан, кој нема статус на правно лице до органот за јавни приходи кој на купувачот му издал одобрение за вршење на дејноста (член 6 став 3 член 7-а став 1)" се бришат.

Член 34

Членот 56 се брише.

Член 35

Во членот 59 ставот 1 точката 5) се менува и гласи:

„5 ако набавениот репродукционен материјал го отуѓи пред истекот на рокот утврден во член 6 став 4 од овој закон".

Член 36

Во членот 62 ставот 1 точката 2) зборовите: „или ако не поднесе или ненавремено поднесе копии на уплатниците како доказ за платената аконтација на данокот на промет" се бришат, а зборовите во заградата: „членовите 33 и 34" се заменуваат со зборовите: „член 34".

Во точката 4) зборовите во заградата: „член 33 став 2" се заменуваат со зборовите: „член 30".

Член 37

Во Тарифата на данокот на промет на производи, се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во тарифниот број 2 став 1 точка 1) по бројот „6" се додаваат зборовите: „и 7-а".

2. Ставот 1 точката 16) се брише.

3. Во ставот 1 точката 17) која станува точка 16), по зборот „освен" се додаваат зборовите: „резервните делови на", а зборовите: „кои се оданочуваат со акциза" се бришат.

4. Точките 18) и 19) стануваат точки 17) и 18).

5. Во забелешката кон Тарифата во точка 1) по бројот „6" се додаваат зборовите: „и 7-а".

Во Тарифата на данокот на промет на услуги се вршат следниве измени:

1. Во тарифниот број 1 бројот „10" се заменува со бројот „13".

2. Тарифните броеви 2 и 3 се бришат.

Член 38

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

---

**1302.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОБИВКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4266/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОБИВКА

Член 1

Во Законот за данокот од добивка („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 33/95 и 43/95), во членот 5 се додава став 2, кој гласи:

„Обврзник во смисла на став 1 од овој член е и организациона единица која остварува добивка од вршење на дејност на територијата на Републиката".

Член 2

Во членот 18 по зборот „пенали" се додаваат зборовите: „и казнените камати за неблаговремена уплата на јавните давачки".

Член 3

Во членот 19 зборовите: „кои не се во функција на вршење на дејноста" се бришат.

Член 4

По членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

Надоместоците по основа на дневници за службени патувања во земјата и во странство, одвоен живот од семејството и трошоците за користење на сопствен автомобил за службени цели од лицата во работен однос, се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс во висина утврдена со колективниот договор на ниво на гранка.

Доколку висината на наведените издатоци од став 1 на овој член не е утврдена со колективниот договор на ниво на гранка, овие издатоци се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс во висина утврдена со Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, односно прописите за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата и управните организации се признаваат во материјални трошоци".

Член 5

Во членот 20 се додава став 2, кој гласи:

„Вкупните издатоци по основа на даноци и спонзорство за културни, научни, здравствени цели и за меѓународниот спорт, согласно со критериумите утврдени од надлежните министерства, дополнително се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс во висина до 10% од искажаната добивка пред оданочување".

Член 6

По членот 20 се додава нов член 20-а кој гласи:

„Член 20-а

Побарувањата и финансиските вложувања што не можат да се наплатат и кои се отпишуваат по пат на исправка на вредноста, се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс, под услов тие да се утужени, а најмногу до висина на искажаната разлика во цени за соодветното побарување, односно вложување.

На товар на расходите во даночниот биланс не се признава исправката на вредноста на поединечните побарувања од став 1 на овој член од субјектите кои имаат меѓусебни побарувања".

Член 7

Во членот 21 зборот „закон" се заменува со зборовите: „Законот за шумите".

Член 8

Во членот 22 во ставот 1 зборовите: „општествени фондови (фондации) се заменуваат со зборовите: „фондови и фондации формирани".

Во ставот 2 по зборот „спортисти" се додаваат зборовите: „согласно со критериумите утврдени од надлежното министерство".

Член 9

Членот 23 се менува и гласи:

„Член 23

На обврзникот - банка и штедилница даночната основа му се намалува за издвојувањата во посебната резерва за обезбедување од потенцијалните загуби.

На обврзникот - друштво за осигурување и реосигурување на имоти и лица, даночната основа му се намалува за издвојувањата во посебната резерва за осигурувањето и други ризици.

Издвојувањата во резерви, од ставовите 1 и 2 на овој член, може да изнесуваат најмногу до 75% од извршените резервирања за оваа намена".

Член 10

По членот 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

„Член 24-а

Приходите по основа на ефектот од распределбата, на ревалоризационата резерва (согласно со Законот за сметководство), извршена од друг субјект кај кој даночниот обврзник има вложено средства, не се вклучуваат во даночната основа доколку даночниот обврзник не се стекнал со парични средства".

Член 11

Во членот 28 стапката „30%" се заменува со стапка „15".

Член 12

Членот 31 се менува и гласи:

„Член 31

На даночниот обврзник му се намалува даночната основа за износот на извршените вложувања од добивката (реинвестирана добивка), во нови инвестиции во Републиката и тоа за основни средства и за купување на акции или удели.

Под реинвестирана добивка од став 1 на овој член, се подразбира добивката остварена со годишната пресметка која по пат на распределба е издвоена во капиталот на даночниот обврзник и која е вложена во наредниот период за намените од став 1 на овој член.

Под вложени средства од добивката во основни средства се подразбираат средствата вложени од добивката за набавка на основни средства (градежни објекти, опрема и друго), за проширување на својата дејност, освен во патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применета уметност, и други украсни предмети за опремување на административните простории.

Под вложени средства од добивката за купување на акции или удели се подразбираат средствата вложени од добивката за купување на акции или удели во функција на зголемување на основната главнина на субјектот. Ослободувањето се стекнува кога делот од средствата по оваа основа се вложуваат за основни средства, што се докажува со поднесување на соодветна документација до органот за јавни приходи".

Член 13

Членот 33 се менува и гласи:

„Член 33

На даночниот обврзник, кај кој се вложени средства од странски лица му се намалува даночната основа во висина на сразмерниот дел од добивката што му припаѓа на странското лице по основа на вложените средства за период од првите три години од денот на основањето, односно вложувањето, под услов учеството на странскиот капитал да изнесува најмалку 20% во вкупно вложениот заеднички траен капитал.

Ослободувањето од став 1 на овој член се однесува и за даночните обврзници кои се основани целосно со странски капитал.

Ослободувањето од ставовите 1 и 2 на овој член е еднократно и истото не може да изнесува повеќе од износот на основачиот влог, што се остварува со одобрение од органот за јавни приходи.

Ако основачкиот влог е извршен во првата половина од годината, како прва година од работењето во смисла на став 1 од овој член се смета годината во која вложувањето е извршено.

Ако основачкиот влог е извршен во втората половина од тековната година како прва година од работењето во смисла на став 1 од овој член се смета наредната година.

Ослободувањето од ставовите 1 и 2 на овој член не се однесува за даночните обврзници кои настанале со спојување, односно поделба ниту пак со сопственичка трансформација.

Даночните обврзници кои го користеле ова даночно ослободување должни се да работат најмалку уште три години по истекот на третата година утврдена во смисла на став 1 од овој член.

Доколку даночниот обврзник престане со работењето, пред рокот од шест години утврден во став 7 од овој член го губи правото на ослободување по оваа основа. Данокот кој би го платил да не го користел ова ослободување се наплатува со годишната пресметка изготвена согласно со член 79 од Законот за сметководството во износ кој е ревалоризиран со примена на стапката на порастот на цените на мало според податоците на Републичкиот завод за статистика".

Член 14

По членот 33 се додава нов член 33-а, кој гласи:

„Член 33-а

При трансферот на делот од добивката остварена од страна на странско правно лице - основач односно вложувач, се плаќа данок од добивка по стапка од 10% на износот кој се трансферира.

Под трансфериран дел од добивката, во смисла на став 1 од овој член се подразбира и преносот на средствата во корист на нерезидентната сметка во земјата.

Данокот од добивка го пресметува и уплатува даночниот обврзник кој е основан, односно во кој се вложени средства на странското правно лице".

Член 15

Членот 35 се менува и гласи:

„Член 35

На обврзникот му се намалува даночната основа во висина на средствата од добивката вложени за заштита на животната средина и на природата".

Член 16

Во членот 36, се додава став 2, кој гласи:

„Доколку во текот на годината се изменат условите врз основа на кое е остварено ослободувањето од став 1 на овој член, данокот од добивка се плаќа со првата полугодишна, односно периодична пресметка".

Член 17

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

„Член 38-а

На обврзникот кој извршил резервирање во претходниот предсметковен период и на кој платил данок од добивка, му се одобрува даночен кредит во висина на платениот данок од добивка".

Член 18

Во членот 42 по зборовите: „Во поглед на" се додаваат зборовите: „жалбената постапка".

Член 19

Во членот 43 се додава став 2, кој гласи:

„Доколку при контролата од став 1 на овој член се утврди дека даночниот обврзник не води работни книги или тие се водени на начин поради кои дошло до утврдување на помала даночна основа, соодветно ќе се применат одредбите од Законот за прерсоналниот данок од доход".

Член 20

Во членот 45 во ставот 2 зборовите: „пет до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 21

Во членот 46 во ставот 1 зборовите: „50 до 100" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет", а по бројот: „39" се додаваат зборовите: „и 40".

Во ставот 2 зборовите: „две до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 22

Во членот 47 зборовите: „пет до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 23

Ослободувањата утврдени до денот на примената на овој закон, по основа на странските вложувања, до висина на вложените средства во тој период важат до истекот на утврдениот рок, при што при трансферот на дел од добивката остварена од страна на странско правно лице - вложувач односно основач, се плаќа данок од добивка според стапка и на начин утврдени со член 33-а од овој закон.

Член 24

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за оданочување на странски лица („Службен весник на СРМ" број 47/87).

Член 25

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година, освен одредбите на член 12 ставови 2, 3 и 4 од овој закон кои ќе се применуваат и на годишната пресметка за 1996 година.

**1303.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4265/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за платен промет („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 9/94 и 65/95), во член 7 став 1 после првата алинеја се додава нова алинеја која гласи: „- логичка материјална контрола на пресметките по основа на уплатата на даноци, придонеси и други давачки воведени со закон".

Член 2

Во членот 22, став 1, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен корисниците на средства на Буџетот и единките корисници кои можат да имаат и сметка за сопствени приходи".

Член 3

Во членот 61 бројот „1997" се заменува со бројот „1998".

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

---

**1304.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И НАЧИН ЗА ИСПЛАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО 1993, 1994, 1995 И 1996 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994, 1995 и 1996 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4264/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И НАЧИН ЗА ИСПЛАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО 1993, 1994, 1995 И 1996 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните ов 1993, 1994, 1995 и 1996 година („Службен весник на Република Македонија број 31/93, 70/94 и 65/95), во називот на Законот и во членовите 5, 6 и 8 став 1 зборовите: „во 1993, 1994, 1995 и 1996 година" се бришат.

Член 2

Во членот 6 по зборот „обезбедува" се додаваат зборовите: „секоја година".

Член 3

Во членовите 7 став 1 и 10 зборовите: „во текот на 1993, 1994, 1995 и 1996 година" се бришат.

Член 4

Во членот 8 став 1 по алинејата 6 се внесуваат две нови алинеи кои гласат:

„- купување на земјоделско земјиште во сопственост на државата;

- плаќање на данок на промет за купено земјоделско земјиште и земјоделска механизација".

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1305.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4254/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за комуналните такси („Службен весник на СРМ" број 45/72, 39/77, 42/80, 51/88, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 28/91, 34/92,

4/93, 17/93, 45/93 и 33/95), во членот 1 во став 1 зборовите: „задоволување на општите општествени и заеднички потреби“ се заменуваат со зборовите: „финансирање на јавните потреби“.

Во ставот 2 зборовите: „општествено-правните и граѓанско правните лица, работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓанин, работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат професионална дејност и од граѓаните“ се заменуваат со збоворите: „правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните“.

Член 2

Во членот 4 во став 3 зборовите: „организациите на здружениот труд од областа на општествените дејности, натписите на општествено-политичките организации“ се заменуваат со зборовите: „установите, натписите на политичките партии“.

Член 3

Во членот 7 во став 1 во точката 2) зборовите: „самоуправните интересни заедници, месните заедници и општествените организации“ се заменуваат со зборовите: „органите на единиците на локалната самоуправа, месните заедници, општествените организации, здруженија на граѓани и политичките партии“.

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 4

Во членот 11 во став 1, во членот 13 во став 1, во членот 13-а во став 1, во членот 13-б во ставовите 1 и 2, во членот 14-б и во членот 15 по зборовите: „органот за“ се додава зборот: „јавни“.

Член 5

Членот 14 се брише.

Член 6

Во членот 14-в по зборовите: „обновата на постапката“ се додаваат зборовите: „каматата, присилната наплата“ а зборовите: „Законот за даноците на граѓаните“ се заменуваат со зборовите: „Законот за персоналниот данок од доход“.

Член 7

Во членот 15 во став 1 зборовите: „20 до 50 плати“ се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет плати“ а зборовите: „и граѓанското правно лице“ се бришат.

Во став 2 зборовите: „и граѓанско правно лице“ сè бришат а зборовите „три до десет плати“ се заменуваат со зборовите „една петтина до три плати.

Во ставот 3 зборовите: „поединецот во вршење на самостојна дејност или професија“ се заменуваат со зборовите: „физичко лице кое врши дејност“ а зборовите: „три до десет плати“ се заменуваат со зборовите: „една петтина до три плати“.

Во став 4 зборовите: „една половина до две и пол плати“ се заменуваат со зборовите: „една десеттина до една половина од плата“.

Член 8

Членот 16 се брише.

Член 9

Во членот 16-а во Тарифата за комуналните такси, во тарифниот број 1 во точките а) и б) зборовите: „граѓаните кои самостојно вршат стопанска и професионална дејност“ се заменуваат со зборовите: „физичките лица кои вршат дејност“.

Во тарифниот број 4 бројот „2“ се заменува со бројот „10“.

Тарифниот број 5 се менува и гласи:

„Тарифен број 5

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

| | |
|---|---|
| - до седум дена | 600 |
| - до 30 дена | 1.000 |
| - до една година | 1.200“. |

Во тарифниот број 8 во алинеја 1 зборовите: „граѓани кои вршат стопанска дејност“ се заменуваат со зборовите: „физички лица ко вршат дејност“.

Тарифниот број 9 се менува и гласи:

„Тарифен број 9

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

| | |
|---|---|
| - паркирање и гаражирање на патнички возила на јавни паркиралишта | 20 |
| - паркирање на товарни моторни возила и автобуси | 80 |
| - продажба на возила на паркинг-простори | |
| а) за патнички возила | 60 |
| - за товарни моторни возила | 300“ |

Во тарифниот број 10 зборовите: „1 денар“ се заменуваат со зборовите: „5 денари“.

Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за комуналните такси.

Член 11

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

---

**1306.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за градежно земјиште,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 08-4252/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за градежното земјиште („Службен весник на СРМ“ број 10/79, 18/89 и 21/91) во членот 15 ставот 2 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**1307.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 декември 1996 година.

Број 4243/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94 и 14/95), во член 32 ставови 1 и 3 зборовите: „платите на сите вработени на територија на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката".

Во став 2 зборовите: „просекот на платите" се заменуваат со зборовите: „просечната плата".

Член 2

Во член 34 став 2 се менува и гласи:

„Најнискиот износ на старосна пензија се определува од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година, и тоа:

- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 40%;
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена) во висина од 37% и
- за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 34%.

Член 3

Член 36 се менува и гласи:

„Највисоката старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80% од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати.

Највисоката старосна пензија од став 1 на овој член, во текот на годината се усогласува со процентот со кој се усогласуваат другите пензии".

Член 4

Член 84 се менува и гласи:

„Висината на паричниот надоместок за телесно оштетување се определува според утврдениот процент на телесното оштетување од следниве основици:

- 9% од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година кога телесното оштетување е предизвикано со повреда на работа или со професионална болест и
- 7% од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година кога телесното оштетување е предизвикано со болест или повреда надвор од работата".

Член 5

Во член 158 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Најнискиот износ на пензија и минималната старосна и семејна пензија не може да биде предмет на извршување и обезбедување, освен за побарување по основа на издржување утврдено со судска одлука и дадена согласност од корисникот на пензија и тоа најмногу до една третина од нејзиниот месечен износ".

Ставот 2 станува став 3.

Член 6

По член 193 се додава нов член 193-а кој гласи:

„Член 193-а

На корисниците на најнизок износ на пензија и на корисниците на највисока пензија, кои пензијата ја оствариле до денот на почетокот на примената на овој закон, утврдениот износ на пензијата во текот на годината им се усогласува со процентот со кој се усогласуваат другите пензии".

Член 7

По член 194 се додава нов член 194-а кој гласи:

„Член 194-а

Постапката за остварување на правото на пензија и другите права утврдени со овој закон поведена на барање или по службена должност до денот на почетокот на примената на овој закон, ќе се заврши под условите и на начинот предвидени со прописите што биле во сила во времето на поднесувањето на барањето.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и на осигурениците кои поднеле барање за остварување право на старосна пензија ако престанокот на работниот однос е пред почетокот на примената на овој закон".

Член 8

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

**1308.**

Врз основа на член 7 и член 18 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија број 26/92, 4/93 и 29/93, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО 1997 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат целите и задачите на монетарната политика во 1997 година, во согласност со целите и задачите на економската политика на Република Македонија.

2. Монетарната политика, заедно со мерките од другите области на економската политика, ќе биде насочена кон одржување на инфлацијата на ниско ниво, така што порастот на цените на мало на крајот на 1997 година, во однос на декември 1996 година да не биде поголем од 2,0%.

3. Согласно со проценетата побарувачка за пари и интермедијарната цел за одржување на стабилност на девизниот курс на денарот во однос на германската марка, за остварување на целта од точка 2 од оваа одлука, со мерките на монетарната политика ќе се обезбеди зголемување на паричната маса M1 во 1997 година најмногу до 9,1%.

4. Заради остварување на стапката на пораст на паричната маса од точка 3 од оваа одлука, Народната банка на Република Македонија покрај редовните инструменти на монетарно регулирање, ќе врши и ограничување на порастот на денарските пласмани на банките и штедилниците во текот на 1997 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4251/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1309.**

**Врз основа на член 14 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" број 30/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе**

## ОДЛУКА

## ЗА ДЕВИЗНАТА ПОЛИТИКА И ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

Со девизната политика за 1997 година ќе се создаваат услови за остварување поусогласени односи на трговскиот и тековниот биланс со зголемување на извозот на стоки и другиот девизен прилив, редовно намирување на тековните обврски спрема странските кредитори, селективно кредитно задолжување во рамките на платно-билансите можности, одржување на стабилност на курсот на денарот и за зголемување на девизните резерви.

1. Во 1997 година ќе се продолжи со спроведување на политиката на флексибилен, пазарно детерминиран девизен курс на денарот во зависност од понудата и побарувачката на девизи на девизниот пазар.

Народната банка на Република Македонија со интервенционата политика ќе настојува да ја одржува стабилноста на курсот на денарот. Имено, во услови на неусогласеност на понудата и побарувачката на девизи на девизниот пазар, при поголема понуда, интервенцијата на Народната банка ќе биде насочена кон откупување на вишоците на девизи, во обем кој ќе биде доволен за да се спречи апресијацијата на денарот. Доколку пак, настане тенденција за депресијација на денарот, што би укажувало на почетни инфлаторни притисоци, ќе се преземаат соодветни мерки од монетарната политика.

2. Зголемувањето на извозот на стоки и другиот девизен прилив ќе се остварува преку политиката на стабилен курс на денарот, политиката на поттикнување на извозот, политиката на заштита на домашното производство, политиката на кредитно-финансиските односи со странство.

Унапредувањето на извозот ќе се остварува преку политиката на враќање на царини на увозните суровини и репроматеријали за производство наменето за извоз и ќе се поддржува извозот на одделни земјоделско-прехранбени производи чиј пласман е отежнат на странските пазари.

Ќе се продолжи со унапредување и на туристичко-информативната пропаганда во странство.

За поттикнување на извозот и за туристичко-информативната пропаганда ќе се обезбедат средства во државниот буџет.

За остварување на поголем девизен прилив ќе се води политика на примена на поизострени критериуми за одобрување на извозот на стоки преку компензациони и други специфични работи со странство.

3. Увозот на стоки ќе се остварува во рамките на утврдените пропорции со Платниот биланс на земјата. Со мерките на заштитната и девизната политика приоритет ќе се даде на увозот на суровини, репроматеријали и опрема која не се произведува во земјата, а е наменета за производство за извоз.

Ќе се врши контрола на увозот на стоките врз основа на утврдени стандарди и атести.

Ќе се врши соодветна заштита на домашното производство, особено на земјоделското производство, пред сé на растителното, како и на производите од прехранбената индустрија и црната металургија.

Ќе се изострат критериумите за царински контингенти со кои се определуваат стоките кои можат да се увезат без плаќање царина, или со плаќање царина по стапка која е пониска од стапката определена со Царинската тарифа.

Ќе се изврши ревизија на Законот за царини, со што ќе се изострат критериумите за царински ослободувања и изградат механизми за поефикасно остварување на царинската политика.

Ќе се донесе одлука за одобрување преференцијални царински стапки за увоз на стоки од земјите во развој, врз изострени критериуми за висината на преференцијалните стапки и за земјите за кои тие ќе се однесуваат.

Во одобрувањето на компензационите работи со странство, приоритет ќе се даде на компензационите работи кои овозможуваат увоз на стоки што се дефицитарни на домашниот пазар, а особено на енергенти и основни прехранбени производи, како и на увоз на опрема која е во функција на зголемување на извозот на стоки.

Плаќањето на увозот ќе се врши во рамките на остварените и купените девизи на девизниот пазар.

Царинската управа ќе продолжи да ја врши контролата на увозот и врз основа на поднесените документи за обезбедени девизни средства за плаќање.

Помошта што ќе се добива од странство во договор со донаторите ќе се насочи пред сé за поддршка на платниот биланс, како и увоз на суровини, репроматеријали и опрема за производство наменето за извоз.

Во 1997 година ќе се продолжи со склучување на билатерални спогодби со одделни земји за унапредување на надворешно-трговската и економската соработка.

Ќе се остваруваат активности за постигнување на спогодби за слободна трговија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Хрватска и доуредување на одредбите од Спогодбата за слободна трговија со Република Босна и Херцеговина.

Ќе се интензивираат активностите за отворање мешовити и сопствени претпријатија во одделни земји со кои нашата земја има поинтензивна соработка.

Ќе се согледа потребата и можностите за формирање специјализирана банка за надворешна трговија која ќе ја поддржува размената со странство.

4. Во 1997 година редовно ќе се намируваат тековните обврски спрема странските кредитори.

Пристигнатите неплатени обврски спрема Европската инвестициона банка, ќе бидат регулирани доколку се обезбедат средства по пат на донаторство.

Ќе се преземаат активности за регулирање на побарувањата на македонските претпријатија по основа на извршени инвестициони работи во блиско источните земји.

Ќе заврши постапката за склучување на преостанатите билатерални договори за репрограмирање на долгот на Република Македонија во рамките на Парискиот клуб на кредитори.

Склучувањето на нови среднорочни и долгорочни кредити од странство за кои државата ќе дава гаранции ќе биде селективно (обем и намена), согласно со степенот на задолженост и ликвидноста во плаќањата спрема странство. При ова, приоритет ќе се даде на користењето долгорочни кредити.

Министерствата пред да иницираат постапка за задолжување ќе го информираат Министерството за финансии и Министерството за развој и ќе побараат мислење дали тоа е во согласност со Проекцијата на платниот биланс за 1997 година. По добивањето на мислењата ќе побараат одобрение од Владата на Република Македонија за покренување постапка за задолжување.

Ќе се користат странски кредити од официјални кредитори за кредитирање на јавниот сектор и за производни мали и средни претпријатија, како и кредити од приватните банки и кредитори за поддржување на развојот на мали и средни претпријатија.

Во 1997 година ќе се користат кредити од:

- Светската банка за структурно приспособување и развој на приватниот сектор во индустријата и аграрот (САЛ), за развој на приватниот сектор, за поддршка на индивидуални земјоделски производители, за рехабилитација и реконструкција на наводнувањето, за транзиција на здравствениот сектор за социјални реформи и техничка помош и за подобрување на транспортот;

- Меѓународниот монетарен фонд по основа на ESAF-аранжманот, кој ќе биде наменет за поддршка на структурни промени;

- Меѓународниот фонд за развој на земјоделството за рурален развој на јужните и источните региони;

- Европската банка за обнова и развој преостанатиот дел од кредитите наменети за поддршка на развој на енергетиката, унапредување на системот на контрола на летањето, развој на телекомуникациите, модернизација на аеродромот „Скопје“ и втората транша од кредитната линија наменета за мали и средни производни приватни претпријатија, а ќе се склучи нов аранжман за проектот за гасификација ГА-МА;

- Европското здружение за финансирање на железниците за набавка на влечни капацитети и

- од билатерални кредитори, пред сè за поддршка на малите и средни претпријатија.

Користењето кредити од приватните банки и кредитори за поддржување на развојот на мали и средни претпријатија и приватни сточарски фарми, кои би биле гарантирани од банки и осигурителни заводи во светот, ќе биде условено од нивните можности за редовно сервисирање на обврските.

Во 1997 година ќе се користат и краткорочни комерцијални кредити за финансирање на увоз на енергетици, суровини, репроматеријали и опрема за производството наменето за извоз, како и финансиски кредити наменети за изведување на домашни инвестициони извозно ориентирани проекти и за увоз на енергетици, суровини и репроматеријали за производство наменето за извоз.

Банките ќе можат краткорочно да се задолжуваат во странство заради премостување на сезонската неусогласеност на девизниот прилив и одлив на банките. Обемот на користењето на краткорочни кредити ќе биде условен од можностите за нивно сервисирање и задржување на нивото од претходното тримесечје.

Ќе се настојува поголем обем од странската акумулација да се остварува преку заеднички вложувања на домашни и странски партнери, директни инвестиции во мали и средни претпријатија и по основа на концесии.

5. Вкупните (бруто) девизни резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија, во согласност со Проекцијата на платниот биланс за 1997 година, се предвидува да се зголемат за 35 милиони долари, со што на крајот на 1997 година би биле на ниво од двоиполмесечни плаќања спрема странство. Притоа, нето девизните резерви (бруто девизните резерви намалени за обврските спрема Меѓународниот монетарен фонд), ќе се зголемат за 10 милиони долари.

Постојаните девизни резерви на Република Македонија со кои се обезбедува минимум на ликвидност на плаќањата спрема странство, за 1997 година се утврдуваат на ниво на едномесечни плаќања спрема странство, а не помалку од 130 милиони долари.

Висината на девизните резерви со кои ракуваат деловните банки ќе се утврдува со посебна одлука на Народната банка на Република Македонија, а во согласност со условите за обезбедување на тековната ликвидност на плаќањата спрема странство и предвидените пропорции на Платниот биланс на Република Македонија.

Заради спроведување на политиката на курсот на денарот, девизните резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија ќе се користат за интервенции на девизниот пазар во согласност со монетарната политика, како и за одржување на општата ликвидност на плаќањата на Република Македонија спрема странство.

6. Тргнувајќи од мерките за извршување на девизната политика за 1997 година се утврдува:

## ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТЕН БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1997 ГОДИНА

| | во милиони долари |
|---|---|
| I. ТЕКОВНИ ТРАНСАКЦИИ | - 285 |
| 1. Стоки, нето | - 381 |
| 1.1. Извоз, ф.о.б. | 992 |
| 1.2. Увоз, ф.о.б. | 1373 |
| Регистриран увоз, ф.о.б. | 1300 |
| Помош и подароци | 40 |
| Физички лица | 33 |
| 2. Услуги, нето | - 112 |
| Прилив | 191 |
| Одлив | 303 |
| 3. Доход, нето | - 36 |
| 3.1. Надомест за вработени, нето | 15 |
| 3.2. Доход од инвестиции, нето | - 51 |
| 3.2.1. Директни инвестиции, нето | 3 |
| 3.2.2. Доход од инвестиции (камата), нето | - 54 |
| Наплатена | 26 |
| Платена | 80 |
| 4. Тековни трансфери, нето | 244 |
| 4.1. Официјални, нето | 40 |
| Прилив | 40 |
| 4.2. Приватни, нето | 204 |
| Прилив | 499 |
| Одлив | 295 |
| II. КАПИТАЛНИ И ФИНАНСИСКИ ТРАНСАКЦИИ | 285 |
| 1. Капитални трансакции, нето | 40 |
| Капитални трансфери, нето | 40 |
| Официјални (донатори) | 40 |
| 2. Финансиски трансакции, нето | 245 |

| | |
|---|---|
| **2.1. Директни инвестиции, нето** | **28** |
| **2.2. Портфолио инвестиции, нето** | **0** |
| **2.3. Други инвестиции, нето** | **227** |
| **2.3. Трговски кредити, нето** | **149** |
| **Примени** | **411** |
| **Одобрени** | **262** |
| **2.3. Заеми, нето** | **58** |
| **Среднорочни и долгорочни** | **58** |
| **Користени** | **130** |
| **Отплатени** | **40** |
| **Отплати на пристигнати неплатени обврски** | **32** |
| Краткорочни, нето | 0 |
| 2.3. Валути и депозити, нето | 20 |
| Промени во средствата | 0 |
| Промени во обврските | 20 |
| 2.3. Нови пристигнати неплатени обврски | 0 |
| Камата | 0 |
| Главнина | 0 |
| 2.4. Официјални резерви (= зголемување) | - 10 |
| III. ГРЕШКИ И ПРОПУСТИ | 0 |

7. За потребите на статистиката, односно на податоците за плаќањата и наплатувањата по основа на увозот и извозот на стоки, ќе се применува курсната листа на Народната банка на Република Македонија формирана на 31 декември 1996 година.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1997 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4250/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с. р.

**1310.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ
## НА ЧЛЕН 13 ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Согласно со членот 13 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" број 49/96), Советот на Градот Скопје го сочинуваат 39 членови од кои 25 членови се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во Градот Скопје и по двајца членови од советите на општините на подрачјето на Градот Скопје избрани од самите совети и со мандат од четири години. Од наведената одредба произлегува дека законот не прави разлика меѓу членовите на Советот без оглед на начинот на кој тие се избрани, односно дали членовите на Советот се избрани на непосредни избори, или се избрани од самите совети на општините на подрачјето на Град Скопје.

Оттука, одредбата на членот 13 од законот треба да се толкува така што сите 39 членови на Советот имаат ист статус во остварувањето на правата и обврските.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4269/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с. р.

**1311.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ
## НА ЧЛЕН 70 ОД ЗАКОНОТ ЗА БАНКИ И ШТЕДИЛНИЦИ

Согласно со член 56 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија" број 29/96-пречистен текст), работоводниот орган покрај тоа што раководи со работата на банката и ја претставува и застапува, една од неговите основни функции е и обезбедување законитост во работењето за што согласно со член 57 е одговорен за законитоста на работата на банката и за своето работење на Собранието на банката и на Управниот одбор на банката.

Според член 58 став 1 од Законот, Банката во согласност со статут, склучува договори за условите под кои работоводниот орган, како и другите работници со посебни овластувања додека се во работен однос, како и членовите на нивното потесно семејство, не можат да основаат банка или штедилница.

Во членот 59 е утврдено дека доколку работоводен орган на банката и работниците со посебни овластувања и одговорности утврдат дека одлуката на органите на банката е спротивна на законот или на прописот донесен врз основа на законот или дека според својата содржина е таква што може да ја загрози ликвидноста на банката, се должни за ова писмено да ги известат органите на банката.

Законитоста во работата на банката согласно со член 68 ја контролира Народната банка и доколку при таа контрола Народната банка констатира дека работењето не се остварува во согласност со прописите, врз основа на член 70 став 1 точка 1 од Законот, може да ја преземе мерката на целосна или делумна забрана за вршење на работата на лица со посебни овластувања, за што Народната банка ја известува Владата.

Од наведените одредби произлегува дека Народната банка мерката забрана за вршење на работите од страна на одредени лица ја презема во постапката на контрола на законитоста на работата на банката, чија грижа и одговорност ја обезбедува првенствено работоводниот орган, покрај другите лица со посебни овластувања кои работат согласно со налозите што им ги дава работоводниот орган во обезбедувањето на работењето во согласност со прописите. Според тоа, под поимот „лица со посебни овластувања" се подразбира првенствено директорот, како и другите работници со посебни овластувања, при што директорот овластувањето за преземање на мерки за законито работење го црпи од самиот закон (член 57), додека другите овластени лица за тоа добиваат посебни овластувања од него. Ова значи дека одредбите со кои се уредуваат односите за постапување на лица со посебни овластувања и на лица со посебно овластување и одговорност и под двата поима подразбираат исти лица - директорот и другите работници со посебни овластувања. Ова дотолку повеќе што утврдените овластувања за сите тие лица истовремено содржат и соодветна одговорност за законито вршење на овластувањата. На овој став упатуваат и решенијата од членовите 58 и 149 ставовите 2 и 3 (казнена одредба која се однесува подеднакво и на работоводниот орган и на лица со посебни овластувања).

Оттука, одредбата на членот 70 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија" број 29/96 - пречистен текст) треба да се толкува така што под лица со посебни овластувања се подраз-

бира директорот, како и лицата со посебни овластувања и одговорности.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4270/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с. р.

**1312.**

Врз основа на членови 42 и 43 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на двајца судии на Врховниот суд на Република Македонија.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судската функција, да е истакнат правен стручњак и да има работно искуство со потврдени резултати на правни работи над 12 години), пријавата со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во весникот „Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4246/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1313.**

Врз основа на член 25 од Законот за Јавното правобранителство („Службен весник на СРМ" број 3/77, 6/81, 46/82, 11/87, 10/90, 62/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува од функцијата јавен правобранител на Македонија

Јорго Хаџи - Стерјо, поради исполнување услови за старосна пензија, сметано од 16 декември 1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4230/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1314.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за филмската дејност („Службен весник на СРМ" број 15/86, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ВО КИНОТЕКАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешуваат сегашните претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Кинотеката на Република Македонија, поради истек на времето за кое се именувани, и тоа:

Георги Василевски,

Љупчо Тозија и

Верија Јанчева.

2. За претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Кинотеката на Република Македонија, се именуваат:

Владимир Блажевски, професор на Факултетот за драмски уметности - Скопје,

Дарко Марковиќ, филмски работник, претседател на Друштвото на филмските работници и

Љупчо Тозија, режисер во Македонската радио-телевизија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4232/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1315.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91 и 14/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

1. За членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет - Скопје, се именуваат:

д-р Доне Гершаноски, професор на Природно-математичкиот факултет - Скопје и

д-р Благородна Лакинска, професор на Филозофскиот факултет - Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4233/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1316.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА ВО СОСТАВ НА ЗРО ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА „МОША ПИЈАДЕ" - СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на ООЗТ Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на ЗРО Градска општа болница „Моша Пијаде" - Скопје, се избираат:

проф. д-р Мирослав Димитровски, Клинички центар Скопје - Клиника за пулмологија и алергологија,

проф. д-р Никола Зисовски, Клинички центар - Скопје - Клиника за детски болести,

проф. д-р Никола Софијанов, Клинички центар - Скопје - Клиника за детски болести и

проф. д-р Васко Чоланчевски, Клинички центар - Скопје - Клиника за хируршки болести.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4234/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**1317.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАВОДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - КОЧАНИ

1. За член на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита - Кочани, се избира

Босилка Михаилова, судија на Основниот суд во Кочани.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4235/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**1318.**

Врз основа на член 25 од Законот за Јавното правобранителство („Службен весник на СРМ" број 3/77, 6/81, 46/82, 11/87, 10/90, 62/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 38/91), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА ОПШТИНИТЕ ПРИЛЕП И КРУШЕВО

1. Се разрешува од функцијата јавен правобранител на општините Прилеп и Крушево

Владимир Тренкоски, поради исполнување услови за старосна пензија, сметано од 13 декември 1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4231/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**1319.**

Врз основа на член 106 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 31 став 1 точките 3 и 32 став 1 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 и 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА НИКОЛА СТЕФАНОВСКИ, ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ВИШИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БИТОЛА

1. Се разрешува Никола Стефановски, од функцијата заменик на вишиот јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4245/1
24 и 25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**1320.**

Врз основа на член 136 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР - ДЕБАР

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар, што го донесе Управниот одбор на Медицинскиот центар, на седницата одржана на 7 јуни 1995 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4242/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**1321.**

Врз основа на член 136 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1996 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИРОДНО ЛЕКУВАЛИШТЕ „НЕГОРСКИ БАЊИ“ - ГЕВГЕЛИЈА

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште „Негорски бањи“ - Гевгелија, што го донесе Управниот одбор на Природното лекувалиште, на седницата одржана на 27 февруари 1996 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4241/1
25 декември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

---

**1322.**

Врз основа на член 24, став 1 од Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА

1. Цените на услугите за задолжително осигурување на моторните возила формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3417/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1323.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКА ВО ВНАТРЕШНИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

1. Цените на услугите за превоз на патници и стока во внатрешниот железнички сообраќај формирани и применети според постојните прописи се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3416/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1324.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

1. Цените на одделни комунални услуги формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука се определуваат како највисоки цени и тоа:

– производство и испорака на сурова вода за водоснабдување на населението и стопанството;

– производство и дистрибуција на вода;

– прочистување и одведување на отпадни води (освен колекторите);

– одржување на чистотата во градови и населби (изнесување на смет); и

– други комунални услуги: погребни услуги вклучувајќи ги и трошоците за погребно место и закупот на тоа место.

2. Остварениот побавен пораст на цените од точка 1 на оваа одлука, изразен како диспаритет на цени кај одделни претпријатија ќе се отстранува при спроведувањето на оваа одлука, согласно со определбите на Макроекономската политика.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за стопанство.

4. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1997 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3414/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1325.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ПТТ УСЛУГИТЕ

1. Цените на ПТТ услугите и цените на корисниците на постојната стационарна мрежа (ПСТМ) за разговорите со корисниците на мобилната телефонија, формирани и применети според постојните прописи се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3415/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1326.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Заради спречување на монополското формирање на цените на одделни производи и услуги во производството, прометот и при вршење на услугите, како највисоки цени се определуваат цените кои според постојните прописи се формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука и тоа:

- производство и промет на брашно тип „500" и леб произведен од брашно тип „500" од 600 грама;
- производство и промет на нафта и нафтени деривати;
- производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија;
- ПТТ услуги во внатрешниот сообраќај и со јавната мобилна телефонија само за корисниците на постојната стационарна телефонска мрежа (ПСТМ);
- превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај;
- производство и испорака на сурова вода за водоснабдување на населението и стопанството;
- производство и дистрибуција на вода;
- прочистување и одведување на отпадни води (освен колекторите);
- одржување на чистотата во градови и населби (изнесување на смет`·
- други комунални услуги: погребни услуги вклучувајќи ги и трошоците за погребно место и закупот на тоа место;
- провизиите во платниот промет;
- дистрибуција на природниот гас; и
- услуги за задолжително осигурување на моторни возила.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1997 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3413/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1327.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА АНТЕНСКИ СТОЛБ СО ПРИДРУЖНА ПРОСТОРИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „ЧАИР" - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на антенски столб со придружна просторија за сместување на опремата, што треба да се гради на дел од КП број 1060, КО „Бродец", во м.в. „Гребиште", со вкупна површина од 100 метри квадратни, на подрачјето на општината „Чаир" - Скопје, чиј инвеститор ќе биде Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3379/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1328.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ПОГОН ЗА КОНФЕКЦИОНИРАЊЕ НА ХАРТИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА „ГАЗИ БАБА" - СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на погон за конфекционирање на хартија, што треба да се гради на КП број 728, КО „Јурумлери", во м.в. „Корабиште", со вкупна површина од 500 метри квадратни, на подрачјето на општината „Гази Баба" - Скопје, чиј инвеститор ќе биде Димитровски Пане од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог - ситуација во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3361/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1329.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СТИВ НАУМОВ" С. ПЛАСНИЦА

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Стив Наумов" с. Пласница што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 18.10.1995 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1262/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1330.**

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за сообраќај и врски – Дирекција за цивилна воздушна пловидба и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9014 | | Компаси; други навигациони инструменти и апарати: | |
| | 9014 90 | - Делови и прибор: | |
| | 9014 90 90 00 | - - Друго | |
| | | а) Тест генератор за испитување опрема за калибража на земски навигациони средства | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3305/1
23 декември 1996 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**33.**

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на член 89 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 80/93) и член 5 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност („Службен весник на РМ" бр. 39/94), Министерството за образование и физичка култура и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, на ден 19.12.1996 година, склучија

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој колективен договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и на работодавецот од работен однос, како и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Овој колективен договор важи за сите работници и работодавци во спортот во Република Македонија во чие име колективниот договор е склучен.

Член 2

Работодавец во смисла на овој колективен договор е здружение или претпријатие што врши дејност спорт.

Член 3

Работник во смисла на овој колективен договор е лице кое засновало работен однос во здружение или претпријатие што врши дејност спорт.

Член 4

Со колективен договор на ниво на работодавец и со договор за работа можат да се утврдат поголеми права од утврдените во овој колективен договор, како и други права кои не се предвидени со овој колективен договор, ако тоа не е во спротивност со Законот.

Доколку со колективен договор на ниво на работодавец некои од правата на работниците се утврдени понеповолно од правата што произлегуваат од овој колективен договор, се применуваат одредбите од овој колективен договор.

Член 5

Овој колективен договор може да се применува и непосредно.

### ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ
### 1. ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС

**1. Услови за засновање на работен однос**

Член 6

Одлука за потреба за засновање на работен однос донесува органот утврден со Статутот на здружението односно работоводниот орган на претпријатието што врши дејност спорт (во натамошниот текст: надлежниот орган).

Член 7

Работен однос може да заснова секое лице што ги исполнува условите утврдени со Закон, овој колективен договор или акт на ниво на работодавец.

Посебните услови можат да се предвидат како услов за засновање на работен однос ако се потребни за извршување на работите на одредено работно место.

Како посебни услови за засновање на работен однос може да се предвидат посебно: видот и степенот на стручната подготовка, посебни знаења и способности за извршување на соодветни работи, работно искуство, посебна здравствена состојба, психофизички способности и сл.

Како посебни услови за засновање на работен однос не можат да се утврдат староста и полот, освен во случај кога тоа со посебни прописи поинаку е утврдено.

За извршување на работи и работни задачи за кои како посебен услов не се бара стручна подготовка или друг вид стручна оспособеност, не може како посебен услов да се утврди работното искуство.

Член 8

По приговорот на кандидатот кој не е избран на оглас одлучува органот на управување.

Член 9

Проверка на способностите за вршење на работите на определено работно место врши работодавецот, односно органот што тој ќе го овласти и тоа со:

- тестирање,
- разговор и сл.,
- следење на извршување на работните задачи за период од 1 месец.

**2. Работен однос на определено време**

Член 10

Работен однос на определено време, може да се заснова за време определено со договор за работа.

**3. Приправник**

Член 11

Должината на приправничкиот стаж се утврдува во зависност од степенот на образованието и тоа:
- за IV степен .................... 6 месеци,
- за V степен..................... 6 месеци,
- за VI степен .................... 12 месеци,
- за VII степен ................... 12 месеци.

Член 12

Приправникот заснова работен однос на определено време само во случаите ако:

- не постојат услови по завршувањето на приправничкиот стаж и успешно положениот испит да се вработи на соодветно работно место;

- приправникот сака да стекне работно искуство за самостојна работа.

Приправничкиот стаж се обавува според Програма што ја донесува работодавецот.

Член 13

На приправникот приправничкиот стаж му се продолжува во случај на отсуство од работа кое надминува 10 дена од приправничкиот стаж, освен во случај на отсуство за време на годишен одмор.

**4. Распоредување на работник**

Член 14

Работникот во текот на траењето на работниот однос, според потребите на процесот за работа може да биде распореден на друго работно место во дејноста кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, квалификација, односно способност особено во следните случаи:

- ако работното место се укинува или е намален обемот на извршувањето;

- ако работното место на кое се распоредува работникот е слободно, односно упразнето.

Член 15

При распоредувањето надлежниот орган е должен во соодветна постапка да ја утврди потребата од распоредување.

Одлука за распоредување на работник донесува надлежниот орган.

**Распоредувањето се врши откако надлежниот орган и работникот ќе потпишат нов договор за работа или измени на договорот за работа.**

## II. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНАТА ПОЛОЖБА

**1. Одмори и отсуства**

Член 16

Должината на годишниот одмор ја утврдува надлежниот орган особено врз основа на должината на работното искуство, сложеноста на работите на работното место, условите за работа и здравствената состојба на работникот.

Планот за користење на годишен одмор се истакнува на огласна табла или друг начин на писмено известување, најмалку 30 дена пред користење на годишниот одмор на работникот.

Секој работник во рок од 15 дена од известувањето може да предложи распоред кој за него е поповолен. Распоредот за користење на годишниот одмор го утврдува надлежниот орган.

За користење на боледување за време на годишен одмор, работникот го известува надлежниот орган во рок од 24 часа, доколку за тоа постојат објективни можности.

Решение за користење на годишен одмор донесува надлежниот орган.

Член 17

Работникот има право на отсуство од работа со надомест на плата до 7 дена во текот на календарската година во следните случаи:
- за склучување на брак ............... 3 дена,
- за склучување на брак на деца .......... 2 дена,
- за раѓање или посвојување дете ......... 2 дена,
- за испраќање на свое дете во АРМ ....... 1 ден,
- за смрт на сопружник или дете.......... 5 дена,
- за смрт на родител, брат, сестра ........ 2 дена,
- за смрт на родител на сопружник ........ 2 дена,
- за смрт на дедо или баба .............. 1 ден,
- за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавецот ............ 3 дена,
- за селидба на семејството од едно во друго место 2 дена,
- за елементарни непогоди ............. 3 дена,
- за селидба на семејството во исто место .... 1 ден,
- за неодложни итни работи ............. 1 ден.

Во случаите од став 1, отсуство од работа се обезбедува без оглед на барањето на процесот на работа и се користи во деновите на траењето на основот врз основа на кој се остварува.

Одлука за отсуство од став 1 на овој член, носи надлежниот орган.

Член 18

Работникот може да користи отсуство без надоместок на плата до 3 месеци, во календарската година особено во следните случаи:

- неодложни итни работи,

- нега на член на семејство, која не е медицински индицирана,

- изградба на куќа или стан,

- за лечење на своја сметка,

- во други случаи на барање на работникот.

Работникот не може да користи отсуство за работа во странство, освен во случаи утврдени со закон.

Барањето работникот го поднесува по правило најмалку 15 дена пред времето што се бара за користење.

Одлука за отсуство од став 1 на овој член носи надлежниот орган.

**2. Заштита на работниците при работа**

Член 19

Работодавецот е должен најмалку еднаш годишно да обезбеди систематски здравствен преглед на тренерите заради откривање на заразни заболувања, ако со закон не е поинаку уредено.

Средствата за систематски преглед ги обезбедува работодавецот.

Член 20

На работник кој без своја вина ќе стане делимично неспособен за определено работно место според акт на надлежен орган, не може да му се даде отказ, ниту да биде прогласен за технолошки вишок.

## III. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Член 21

Работникот кој по своја вина направи штета на работа, должен е истата да ја надомести.

Против одлуката за надомест на штета, што ја донесува надлежниот орган односно од него овластен орган, работникот има право на приговор до органот на управување во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката.

Член 22

Органот на управување може да го ослободи работникот од плаќање надомест на штета во целина или делумно, од оправдани причини под услови, случаи и критериуми утврдени со овој колективен договор.

Член 23

Како оправдани причини, случаи и критериуми поради кои органот на управување може да го ослободи работникот од плаќање надомест на штетата во целина или делумно, се сметаат:

- ако штетата ја сторил да го заштити животот на работниците и граѓаните,
- ако штетата ја сторил да го заштити имотот на работодавецот,
- други случаи утврдени со Колективен договор на ниво на работодавец.

## IV. ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ И ДРУГИ ПРИМАЊА

Член 24

Работодавецот е должен на работникот да му исплатува плата за извршената работа.

Платата се исплатува и пресметува најмалку еднаш месечно.

Платата на работникот за тековниот месец се исплатува во паричен износ.

Придонесите и даноците на платите на работникот ги плаќа работодавецот со исплата на платата.

Член 25

Работодавецот е должен на работникот да му даде писмена потврда за исплатената плата, надоместоците и придонесите, а на синдикалниот претставник увид во документацијата за пресметка на платите и уплатата на придонесите.

Член 26

Платата на работникот се исплатува од:

- плата за извршена работа,
- плата сразмерно на придонесот на работникот во создавањето на добивката.

### 1. Плата за извршена работа

Член 27

Платата на работникот за полно работно време утврдена врз основа на сложеноста на работите не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеноста според овој договор, која работодавецот е должен да ја исплати на работникот.

Член 28

Најниската плата за најнизок степен на сложеност ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој колективен договор најмалку еднаш квартално, но не може да биде пониска од најниската плата што ја утврдуваат потписниците на Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност.

Член 29

Работодавецот кај кого настанале тешкотии во работењето врз основа на изготвена програма, со која се обезбедува надминување на настанатите проблеми и мислење од Синдикатот може да утврди отстапување од најниската плата утврдена со член 28 од овој договор со тоа што отстапувањето не може да изнесува повеќе од 20% од износот на најниската плата утврдена со овој договор, а намалувањето не може да трае подолго од 6 месеци.

Работодавецот е должен на крајот на тековната година доколку финансиските резултати по годишната пресметка тоа го овозможуваат на работниците да им изврши исплата на разликата меѓу основната плата и помалку исплатената плата од став 1 на овој член.

Член 30

Најниската плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на работникот, се утврдува така што износот на најниската плата за најнизок степен на сложеност се множи со соодветниот коефициент за степен на сложеност и тоа:

I ГРУПА, коефициент на сложеност 1,00

- општ работник, во отворени и затворени објекти,
- одржувач на хигиена во отворени и затворени објекти.

II ГРУПА

- хигиеничар во отворен базен, коефициент на сложеност - 1,20,
- хигиеничар во затворен базен, коефициент на сложеност - 1,25,
- хигиеничар во угостителски објект, коефициент на сложеност - 1,20,
- курир, коефициент на сложеност - 1,25,
- портир, коефициент на сложеност - 1,25,
- пожарникар, коефициент на сложеност - 1,30.

III ГРУПА

Средно сложени работи и задачи за кои се потребни познавања од потесна квалификација или стручен профил:

- економ - домаќин во спортски клуб, коефициент на сложеност - 1,35,
- одржувач на објекти, коефициент на сложеност - 1,45,
- технички - административен работник, коефициент на сложеност - 1,50.

IV ГРУПА

Сложени работи со широк профил за кои се потребни дополнителни стручни познавања

1. Подгрупа

- архивар,
- технички секретар,
- дактилограф,
- оператор на сметач.

Коефициент на сложеност 1,70.

2. Подгрупа

- економ - домаќин во спортски сојуз или репрезентација,
- благајник во спортски клуб,
- хаусмајстор.

Коефициент на сложеност 1,90.

3. Подгрупа

- сметководител,
- хаузмајстор,
специјалист за одржување на техничка опрема, справи и реквизити.

Коефициент на сложеност 2,10.

V ГРУПА

Посложени работи кои бараат поголем степен на самостојност во извршувањето на работата

- физиотерапеути,
- одржувач на затворени објекти (кои располагаат со грејни тела, филтер и други уреди),
- оператори на електронска опрема и мерни инструменти.

Коефициент на сложеност 2,30.

VI ГРУПА

Многу сложени работи кои бараат креативност во нивното обавување

1. Подгрупа

- стручни соработници во спортските асоцијации во општините,
- тренери во општинскиот систем на натпревари,
- раководители на стручно - административни служби во спортските сојузи,

Коефициент на сложеност 2,70.

2. Подгрупа

- секретар на клуб,
- директор на клуб.

Коефициент на сложеност 2,80.

VII ГРУПА

Високо сложени работи кои бараат дополнително познавање на подрачјето на кое работи со самостојност и креативност во нивното извршување.

1. Подгрупа

- тренери во државниот систем на натпревари,
- секретари на спортски друштва,
- секретари на општински и градски сојузи,
- тренери на младински и пионерски селекции, во државен систем на натпревари,
- коресподенти во спортски сојузи.

Коефициент на сложеност 3,00.

2. Подгрупа

- стручни секретари во спортски сојузи на Републиката,
- секретари на спортски сојузи на Републиката.

Коефициент на сложеност 3,20.

VIII ГРУПА

Најсложени работи за кои е потребно највисока стручност, креативност и самостојно извршување.

- тренери специјалисти задолжени за пионерски и младински спорт,
- директори на репрезентации,
- лекари на репрезентации.

Коефициент на сложеност 3,50.

IX група

Најсложени работи за кои е потребно највисока стручност, специјалност, креативност и самостојност во извршувањето

- селектори на државни репрезентации,
- тренери на државни репрезентации,
- тренери на екипи и поединци кои настапуваат на европски првенства, светски првенства и олимписки игри.

Коефициент на сложеност 4,00.

Член 31

За сите други работни места кои не се наведени во член 30 од овој колективен договор се применува коефициентот на сложеност на соодветната група и подгрупа.

Член 32

Најниската плата на работникот од групата и подгрупата на која и припаѓа за постигнат квалитет во работата во месецот се зголемува до 10%, а за неквалитетно извршување најниската плата може да се намалува до 10% според актот на работодавецот.

За постигнати врвни спортски резултати спортистите и тренерите кои спортските активности ги извршуваат професионално, можат да примаат парични и други награди во согласност со соодветниот акт на Министерство.

Член 33

За време на приправничкиот стаж на работникот му припаѓа 80% од најниската плата предвидена за работното место за кое се оспособува.

Член 34

Работникот има право на 0,5% додаток на платата за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 35

Платата на работникот по час се зголемува најмалку:

- за работа подолга од полно работно време . . 35%
- за работа ноќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35%

За работа во денови на празници утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

**2. Плата сразмерно на придонесот на работникот во создавањето на добивката**

Член 36

Доколку здружението односно претпријатието остварува добивка истата се уредува со Колективен договор на ниво на работодавец.

**3. Надоместоци на плати**

Член 37

На работникот му припаѓаат надоместоци на плата за:

- годишен одмор,
- празници и неработни денови утврдени со закон,
- воена вежба,
- стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација согласно потребите на работодавецот,
- учество на обука за одбрана и заштита,
- јавување на покани на други надлежни органи,
- отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство,
- нега на дете,
- други случаи утврдени со Колективен договор на ниво на работодавец.

Надоместоците на плата на работникот во случаите од став 1 од овој член се исплатуваат од средствата на работодавецот во висина на исплатената плата на работникот за периодот утврден со овој Колективен договор, кој не може да биде подолг од последните 3 месеци.

Надоместокот на плата од став 1, алинеја 4 од овој член се валоризира со просечниот пораст на платите кај работодавецот.

Член 38

За време на неспособност за работа до 7 дена работникот има право на надоместок на плата во висина до 70%, до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето 80% и од 60 дена за сите денови 90% од платата на работникот исплатена во претходниот месец.

За професионални заболувања и повреди на работа и за други случаи утврдени со закон, надоместокот се утврдува во висина од 100% од платата на работникот исплатена во претходниот месец.

### 4. Други надоместоци

Член 39

Работникот има право на одделни надоместоци во висина утврдена со овој колективен договор.

Основицата за пресметување на надоместоците на работниците претставува просечната месечна плата во стопанството на Републиката исплатена во претходните три месеци.

Висината на одделните надоместоци се утврдува во процент од основицата и тоа:
- 25% за регрес за исхрана доколку исхраната не е организирана,
- 100% за регрес за годишен одмор,
- 8% за дневници за службени патувања, а за странство во висина што е пропишана за работниците во органите на управата.

Покрај износот на дневниците без ноќевање, посебно се признава надомест за трошоците за ноќевање во износ назначен во хотелската сметка, освен за ноќевање во хотел од „де лукс“ категорија.

Цела дневница му припаѓа на работникот за секои 24 часа поминати на службено патување и за остатокот на времето преку 12 часа кога службениот пат траел повеќе денови.

Половина дневница му припаѓа на работникот кога службеното патување трае преку 8 часа и за остатокот за времето преку 8 часа кога патувањето траело повеќе дена.

Регрес за исхрана се исплаќа за деновите кога работникот е на работа.

Покрај надоместоците од став 3 на овој член на работникот му се исплатува и:
- трикратен износ од основицата при заминување во пензија,
- теренски додаток во зависност од обезбедените услови за престој на работникот на терен (сместување, исхрана и сл.), согласно актот на работодавецот, но не помалку од 8% од основицата,
- трошоци за превоз на работникот доколку е оддалечено местото на живеење од работното место над 2 км. во случај кога нема организирано превоз за денови кога работникот е на работа
- до 30% од цената на литар гориво по поминат километар од патен налог за надомест на трошоците за користење на сопствен автомобил.

На работникот му се исплатува парична помош:
- во случај на смрт на работникот во висина од три плати,
- во случај на смрт на член на неговото семејство во висина од две плати,
- во случај на потешка инвалидност или подолго боледување во висина од една плата,
- во случај на потешки последици од елементарна непогода во висина од една плата,
- во случај на селидба за службени потреби во висина на трошоците за селење.

Дневниците за службени патувања и регресот за исхрана меѓусебно се исклучуваат.

Надоместок за одвоен живот и теренски додаток меѓусебно се исклучуваат.

Работниците имаат право на надомест за време на штрајк во висина не помалку од 60% од основицата од став 2 на овој член.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 40

Работодавецот обезбедува редовно и навремено информирање на работниците за:
- годишни програми за работа,
- позначајни решенија што влијаат на економската и социјалната положба на работниците,
- нацртите, односно предлозите на општите акти со кои се уредуваат одредени прашања од областа на работните односи,
- организациони програми,
- годишните финансиски планови и завршната сметка,
- предлог-одлуки со кои се уредуваат правата на работниците,
- платите, надоместоците и другите примања.

Начинот и формите на информирање на работниците ги определува работодавецот.

## VI. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 41

Работникот има право на образование кога тоа е во интерес на работодавецот.

Работникот е должен да се образува доколку работодавецот го упати на образование.

Доколку образованието е организирано за работното време, времето поминато на образование се смета во редовното работно време, така што работникот има исти права како да бил на работа.

Доколку образованието е организирано вон од редовното работно време на работникот му припаѓа:
- износ согласно член 40, став 2 и 3 од овој колективен договор,
- еден работен ден за секој испит за образование за специјализација за средно образование,
- еден работен ден за секој испит за виш или висок степен на образование,
- два дена за завршен испит при образование за специјализација за средно образование,
- два работни дена за одбрана на дипломска работа на виша или висока школа,
- еден работен ден за секој испит на постдипломски студии,

- три работни дена за магистерски испит,
- три работни дена за докторат.

Бројот на работните денови наменет за стручно оспособување и усовршување се утврдува согласно должината и видот на оспособувањето со спогодба помеѓу работодавецот и работникот.

На работникот кој се оспособува во интерес на работодавецот и кој е упатен на оспособување му припаѓа надомест на трошоците сврзани со оспособувањето:

- превоз,
- котизација и школарина,
- трошоци за исхрана,
- трошоци за престој.

Одредбите од став 3 и 6 се однесуваат на работниците кои се упатени на оспособување во интерес на работодавецот.

Работодавецот е должен работникот кој е упатен на образование да го распореди на работно место согласно добиеното образование, за работниците што се оспособувале во интерес на работодавецот, во моментот (период) утврден со спогодбата.

Меѓусебните права и обврски меѓу работниците кои се упатени на образование и работодавецот се утврдуваат со посебен договор.

Доколку работодавецот не ги исполни обврските од Спогодбата за образование, работникот е ослободен од своите обврски што произлегуваат од таа спогодба. Доколку работникот не ги исполни своите обврски должен е на работавецот да му ги надомести сите трошоци сврзани со образованието.

## VII. СИНДИКАТИ И РАБОТОДАВЦИ

### 1. Услови за работа на Синдикатот

Член 42

Работодавецот е должен да му создаде услови за работа и дејствување на мнозинскиот синдикат согласно законот, како и:

- на барање на Синдикатот да му достават податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба и да ги разгледува мислењата и предлозите на Синдикатот во постапката за донесување на одлуки и решенија што имаат влијание на материјалната и социјалната положба на работниците во присуство на претставник на Синдикатот,
- стручни, административни и технички услови за работа на Синдикатот за остварување на синдикалните функции,
- на претставникот на Синдикатот да му се овозможи непречено комуницирање со работодавецот, односно од него овластен претставник, како и да му се дозволи пристап на работните места на работниците, кога тоа е неопходно за остварување на функциите на Синдикатот.

Член 43

На синдикатот му се доставуваат покани со материјали за седници на соодветните органи и му се овозможува учество на неговите претставници, кога се одлучува по прашања кои влијаат врз материјалната и социјалната положба на работниците.

Член 44

Синдикалниот претставник кај работодавецот, за време на вршењето на својата должност во Синдикатот и две години по нејзиното престанување, не може да биде повикан на одговорност за синдикална активност.

Синдикалниот претставник поради синдикални активности не може:

- да биде преместен во рамките на ист работодавец и кај друг работодавец,
- да му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени,
- да му престане работниот однос со отказ од страна на работодавецот без согласност на републичкиот орган на Синдикатот,
- да биде распореден на понеповолно работно место.

Член 45

На претставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за синдикално оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синдикатот.

Претставникот на мнозинскиот Синдикат се ослободува од работните обврски на работното место заради извршување на функциите на Синдикатот со писмен договор помеѓу синдикалниот преставник и работодавецот во кој се утврдува времето на користење со надомест на плата.

Член 46

Работоводниот орган и Органот на управување должни се да ги разгледаат предлозите, иницијативите, мислењата и барањата на Синдикатот во врска со остварувањето на правата, обврските од трудот и по основ на тудот и за заземените ставови да го известат Синдикатот.

Работоводниот орган е должен да го прими на разговор синдикалниот претставник на негово барање и со него да ги разгледа прашањата во врска со синдикалните активности што се од материјален интерес за вработените.

Работоводниот орган е должен без надоместок да ги обезбеди следните услови за работа на Синдикатот:

- простор за одржување на состаноци,
- право на користење на телефон и телефакс во работното време и 2 часа потоа,
- слобода на синдикално информирање и распределба на синдикалниот печат,
- технички услуги за работа на Синдикатот во обем неопходен за остварување на синдикалните активности,
- пресметка и уплата на синдикална членарина преку исплатни листи.

### 2. Остварување на право на штрајк

Член 47

Правото на штрајк работниците го остваруваат во согласност со Законот за штрајк.

## VIII. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС

### 1. Престанок на работен однос по сила на Закон

Член 48

Работодавецот може да одлучи работникот кој наполнил 40 години стаж на осигурување или 65 години старост да остане во работен однос под следните услови:

- ако со огласување на потребата од работник, односно конкурс не може да се обезбеди работник кој ги исполнува потребните услови,
- ако работникот навршил 65 години живот, а нема 15 години пензиски стаж, може да остане во работен однос додека не наполни 15 години пензиски стаж.

Во случајот од став 1 алинеја 1 на овој член, работодавецот е должен да пријави потреба за работник односно да објави оглас секои 6 месеци.

На работникот од став 1 алинеја 1 на овој член му престанува работниот однос ако по објавувањето за потребата на работник односно распишаниот конкурс се јави кандидатот кој ги исполнува условите за работа

на тоа работно место, како и ако работодавецот не пријави потреба за работник односно не распише конкурс според став 2 на овој член.

**2. Престанок на работен однос со отказ**

Член 49

Работниот однос на работникот со отказ му престанува поради кршење на работната дисциплина, неисполнување на обврските утврдени со закон, Колективен договор и Договор за работа или ако е неспособен да ги извршува работните задачи, во случаите и под условите утврдени со Закон и Колективен договор на ниво на работодавец, но само ако директорот на работникот претходно му достави писмена опомена, освен во случаите утврдени со Закон.

Со Колективен договор на ниво на работодавец поблиску се утврдуваат условите и околностите на случаите за престанок на работниот однос со отказ.

Член 50

За секоја повреда на работната дисциплина, неисполнувањето на обврските и поради неспособност за извршување на работните задачи, пред да му престане работниот однос на работникот со отказ, овластениот работник од органот на управување е должен да поднесе пријава до работоводниот орган освен во случаите утврдени со Закон.

Член 51

Пред престанокот на работниот однос на работникот со отказ, работодавецот е должен да побара работникот писмено да се изјасни за причините за престанок на работниот однос, со отказ.

Член 52

Со Колективен договор на ниво на работодавец се утврдува органот надлежен за донесување на одлука за престанок на работниот однос, со отказ.

Против отказот за престанок на работен однос, работникот има право на приговор до Органот на управување.

Член 53

Одлуката за престанок на работниот однос на работникот работодавецот е должен да ја донесе за еден месец од денот на дознавањето на повредата на работната дисциплина, неисполнувањето на обврските и поради неспособност на извршувањето на работните задачи, односно во рок од 3 месеци од денот кога е сторена повредата.

Член 54

Пред донесување на отказ за престанок на работен однос, работодавецот треба да го извести претставникот на Синдикатот и е должен неговото мислење да го земе во предвид при донесување на одлуката, ако истото е доставено.

**Отказен рок**

Член 55

Должината на отказниот рок изнесува:

| | |
|---|---|
| - до 15 години работен стаж | 1 месец, |
| - од 15 до 25 години работен стаж | 2 месеци, |
| - над 25 години работен стаж | 3 месеци. |

Член 56

Со Колективен договор на ниво на работодавец поконкретно се утврдува отказниот рок за поодделни причини за отказот.

Член 57

За време на отказниот рок во случај на отказ даден од страна на работодавецот, работодавецот е должен на работникот да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување два часа дневно или четири дена во текот на еден месец.

Времето на користење на отказниот рок го одредува работникот во согласност со работодавецот.

За време на отказниот рок на работникот му следува плата согласно колективен договор на ниво на работодавец сразмерно за времето поминато на работа.

Член 58

Работоводниот орган кој не е избран на конкурс или е разрешен пред време, го задржува работниот однос кај работодавецот на работното место соодветно на неговата стручна подготовка.

**3. Престанок на работен однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени**

Член 59

На работникот не може да му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени доколку не му се обезбеди едно од правата по основ на работа утврдени со закон, во согласност со критериумите утврдени со овој Колективен договор.

Член 60

Критериумите за престанок на работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени се:

- степен на стручна подготовка и квалификација,
- работно искуство,
- успешност во работењето,
- видот и значењето на работното место,
- работниот стаж,
- возраст,
- здравствена состојба,
- економско-социјална состојба.

Член 61

Критериумите за утврдување вишок на работници се искажуваат во бодови и тоа:

а) Степен на стручна подготовка и квалификација до 20 бода.

| | |
|---|---|
| - високо образование | до 20 бода, |
| - вишо образование | до 15 бода, |
| - средно образование | до 10 бода |

б) Работно искуство до 16 бода.

- работно искуство на работно место во дејноста со соодветна стручна подготовка 0,40 бода за година,

- работно искуство на работно место за кое се бодува, а бил со пониска стручна подготовка 0,20 бода за година,

- работно искуство за несоодветно работно место, а со соодветна стручна подготовка за местото за кое се бодува 0,10 бода за година.

в) Видот и значењето на работното место до 4 бода.

г) Работен стаж до 4 бода - 0,10 бода за година.

д) Возраст до 4 бода.

ѓ) Здравствена состојба до 4 бода

- работник со хронична болест до 2 бода,

- работник со послабо здравје, како последица на несреќен случај или професионално заболување до 2 бода.

е) Економско-социјална состојба до 4 бода

- работник кој негува дете, стар човек или брачен другар со телесни маани и недостатоци до 2 бода,

- вработен само еден брачен другар 1 бод,
- самохран родител 1 бод.

Критериумите од претходниот член можат да се доразработат со колективниот договор на работодавецот.

Член 62

Кога за определен број работници престанала потребата за работа, а на работното место работат два или повеќе работници за вишок се утврдуваат работниците кои исполнуваат еден од условите за стекнување право за одење во пензија. Овие работници не се рангираат.

Член 63

Доколку по претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржи работното место има работникот кој не поседува дуќан или стан кој го издава под закуп, не поседува обработливо земјиште над 4 хектари, не е сопственик на претпријатие или сопственик односно не е директор (застапник) на претпријатие чиј основач е тој или друго лице од потесното семејство, не врши приватна дејност, како споредно занимање и брачниот другар не врши приватна дејност како споредно занимање.

Член 64

За технолошки вишок ќе биде прогласен работникот кој со примена на критериумите од претходните членови остварил најмал број заокружени цели бодови.

Рангирањето по критериумите го врши комисија од 3 члена (три члена) формирана од надлежен орган утврден со статутот на работодавецот.

Одлуката за прогласување технолошки вишок ја носи работоводниот орган.

Приговор по одлуката од претходниот став се доставува до органот на управување кој е должен да се изјасни по истиот во рок од 30 дена.

Член 65

Доколку по претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба предност да го задржат работното место имаат:

- работничка за време на бременост и со дете до 2 години,
- самохран родител,
- усвоител на дете до 7 години,
- родител со потешко хендикепирано дете кој работи со скратено работно време,
- работник со преостанатата работна способност кој работи со скратено работно време,
- работник кој е до 5 години пред одење во пензија,
- еден од брачните другари кои се вработени кај ист работодавец.

Член 66

На работникот за кој престанала потребата од работа, поради економски, технолошки, структурални и слични промени се применува член 130 од Законот за работни односи, а доколку одбие да користи едно од правата, работниот однос му престанува.

Член 67

Министерството за образование и физичка култура посредува при преземање на работникот, согласно член 130, точка 1 од Законот за работни односи.

## IX. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 68

Заради повреда на правата утврдени со Закон или Колективен договор, работникот има право да поднесе приговор до органот на управување на установата.

Работникот има право да присуствува во постапката по приговорот пред надлежниот орган кој одлучува по поднесениот приговор и при тоа да биде застапуван од синдикатот.

Работникот кој отсуствува од работа поради остварување на правата од работен однос ќе се смета како да бил на работа и по тој основ не може да му се намалува платата.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ И АРБИТРАЖА

Член 69

За решавање на споровите меѓу потписниците на овој Колективен договор, што не можат да се решат со меѓусебно преговарање, се формира комисија за усогласување и примена.

Член 70

Секој од учесниците именува по три члена во комисијата за усогласување и примена.

Членовите на комисијата спогодбено именуваат претседател.

Член 71

Постапката за усогласување и решавање на спорови за примена започнува на барање на еден од потписниците на Колективниот договор и треба да заврши во рок од 60 дена.

Член 72

Секое усогласување и решавање на спорови за примена што потписниците ќе го постигнат мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија при усогласувањето се дополнува или изменува овој колективен договор.

Член 73

Ако постапката за усогласување и решавање на спорови за примена се неуспешни споровите со решение пред арбитражен совет, кој спорот треба да го реши во рок од 60 дена.

Бројот на арбитрите е непарен. Секој од учесниците именува по три арбитри.

Претседателот на арбитражниот совет го именуваат арбитрите спогодбено.

Советот одлучува со мнозинството гласови од вкупниот број членови. Одлуките на Советот се обврзувачки за двете страни и имаат сила на извршен наслов.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 74

Овој колективен договор се склучува на неопределено време.

Член 75

Секој учесник може да предложи измени и дополнување на Колективниот договор.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува до другиот потписник кој е должен да се изјасни во рок од 30 дена.

Во случај ако другиот претставник не го прифати предлогот за измени и дополнувања или не се изјасни по предлогот во рок од став 1 на овој член, по претходно неуспешно усогласување, потписникот-предлагач може да започне постапка пред арбитражен совет.

Член 76

Потписниците се должни да го спроведуваат, контролираат и следат остварувањето на овој колективен договор.

За толкување на одредбите на колективниот договор, како и за следење на неговата примена потписниците формираат комисија.

Секој од потписниците на овој колективен договор именува по 3 члена во комисијата.

Член 77

Членовите од 24 заклучно со 30 на овој колективен договор не се применуваат сè додека има законски ограничувања.

Член 78

Колективните договори што се склучуваат на ниво на работодавец задолжително се евидентираат во Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија.

Член 79

Овој колективен договор се регистрира кај органот на државната управа надлежен за работите на трудот и се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Член 80

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-117/1 | Бр. 02-5674/1 |
| 19 декември 1996 година | 20 декември 1996 година |
| Скопје | Скопје |
| Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија Претседател, **Адо Јанкуловски,** с.р. | Министерство за образование и физичка култура на Република Македонија, Министер, **Софија Тодорова,** с.р. |

## СОДРЖИНА

Страна


1294. Буџет на Република Македонија за 1997 година . . . 3497
1295. Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1997 година . . . 3728
1296. Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите . . . 3730
1297. Закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1997 година . . . 3730
1298. Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите . . . 3732
1299. Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход . . . 3733
1300. Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот . . . 3735
1301. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги . . . 3736
1302. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка . . . 3740
1303. Закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет . . . 3742
1304. Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994, 1995 и 1996 година . . . 3742
1305. Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси . . . 3742
1306. Закон за изменување на Законот за градежното земјиште . . . 3743
1307. Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување . . . 3744
1308. Одлука за целите и задачите на монетарната политика во 1997 година . . . 3744
1309. Одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1997 година . . . 3745
1310. Автентично толкување на членот 13 од Законот за градот Скопје . . . 3747
1311. Автентично толкување на член 70 од Законот за банки и штедилници . . . 3747
1312. Одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија . . . 3748
1313. Одлука за разрешување од функцијата јавен правобранител на Македонија . . . 3748
1314. Одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Кинотеката на Република Македонија . . . 3748
1315. Одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Стоматолошкиот факултет – Скопје . . . 3748
1316. Одлука за избор на членови на Управниот одбор на ООЗТ Институт за белодробни заболувања кај децата во состав на ЗРО Градска општа болница „Моша Пијаде" – Скопје . . . 3749
1317. Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Заводот за здравствена заштита – Кочани . . . 3749
1318. Одлука за разрешување од функцијата јавен правобранител на општините Прилеп и Крушево . . . 3749
1319. Одлука за разрешување на Никола Стефановски од функцијата заменик на вишиот јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола . . . 3749
1320. Одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар – Дебар . . . 3749
1321. Одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште „Негорски бањи" – Гевгелија . . . 3750
1322. Одлука за определување највисоки цени на услугите за задолжително осигурување на моторните возила . . . 3750
1323. Одлука за определување највисоки цени за превоз на патници и стока во внатрешниот железнички сообраќај . . . 3750
1324. Одлука за определување највисоки цени на одделни комунални услуги . . . 3750
1325. Одлука за определување највисоки цени на ПТТ услугите . . . 3750
1326. Одлука за определување највисоки цени на одделни производи и услуги . . . 3751
1327. Одлука за определување на услови за градба на антенски столб со придружна просторија, на подрачјето на општината „Чаир" – Скопје . . . 3751
1328. Одлука за определување на услови за градба на погон за конфекционирање на хартија на подрачјето на општината „Гази Баба" – Скопје . . . 3751
1329. Одлука за давање согласност за Статутот на Основното училиште „Стив Наумов" – Пласница . . . 3751
1330. Решение за утврдување на опрема која може да се увезе без плаќање царина . . . 3752


**Колективни договори**


33. Колективен договор за спортот во Република Македонија . . . 3752
**Меѓународни договори – додаток** . . . 1-24


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија – Скопје, бул. „Партизански одреди" бр. 29. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје**